РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1057
Скопје, 1 јули 2013 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ, ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ И МЕЃУНАРОДЕН ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр. 0202-1934/4, донесена на седницата одржана на 24.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на наставник од областа на економските науки по предметите финансиски менаџмент, проектен менаџмент и меѓународен финансиски менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје.

По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот распишан од страна на ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, а на предлог на деканот на Економскиот факултет во Скопје, објавен во весникот „Дневник" на 14.6.2013 година се пријави само кандидатот проф. д-р Сашо Арсов, досегашен вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Сашо Арсов е роден на 9.2.1971 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во родниот град, по што се запишал на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката деловна економија. Дипломирал во октомври 1994 година, како најдобар студент во генерацијата, со просечна оценка 9,84.

Се запишал на постдипломски студии на Економскиот факултет, на насоката монетарна економија во 1994 година, а магистрирал во март 1999 година, со магистерскиот труд на тема „Оценка на економската ефикасност на инвестициските проекти од општествен аспект (Кост-бенефит анализа)". Во 2003 година докторирал на Економскиот факултет на тема "Вреднување на добрата и ефектите во интегралниот пристап за анализа на проектите".

Во 2009 година се стекнал со звањето CFA (Сертифициран финансиски аналитичар), од американскиот CFA Institute.

Првото вработување го имал во Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, каде што работел во периодот од јануари 1995 до јануари 1997 година. Од 1 февруари 1997 година е ангажиран како помлад асистент по предметите економија на инвестиции и инвестиционен менаџмент на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2003 година е избран за доцент, а во 2008 година за вонреден професор по предметите финансиски менаџмент и проектен менаџмент. Во периодот 2005-2006 година, предавал и на постдипломските студии по јавни политики и

менаџмент, организирани од страна на Школата за постдипломски студии по јавна администрација од Питсбург, САД.

Течно го зборува англискиот јазик.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**II/1 Наставно-образовни активности на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.** Во извештајниот период (октомври 2008-2013) година, проф. д-р Сашо Арсов е ангажиран во наставата по предметите:

На прв циклус студии:

Финансиски менаџмент, проектен менаџмент, меѓународен финансиски менаџмент (од учебната 2011/12), финансиски менаџмент - дисперзирани студии во Штип (во 2008/09 и 2009/10 година), финансиски менаџмент - дисперзирани студии во Струга (од учебната 2011/12), меѓународен финансиски менаџмент-дисперзирани студии во Струга (од учебната 2011/12) и економија на инвестиции - дисперзирани студии во Струга (во учебната 2011/12).

На втор циклус студии: финансиски менаџмент на насоките МБА-менаџмент и сметководство и ревизија, финансии на корпорации, проектен менаџмент на двогодишните студии (две години), финансиски менаџмент на двогодишните студии по монетарна економија, финансии и банкарство и сметководствени и финансиски алатки во е-бизнис (делот финансии, во текот на 4 години).

На специјалистичките студии по корпоративно управување ја изведувал наставата на модулот транспарентност и обелоденување на податоците.

**II/2 Наставни активности надвор од Економскиот факултет:**

1. Предавања на Обуката за инвестициони советници, организирана од Комисијата за хартии од вредност на РМ, за подрачјето: финансиски менаџмент – финансии на корпорации, јануари 2011 година.
2. Предавања на Обуката за актуари, организирана од агенцијата за супервизија на осигурувањето, за подрачјето: финансиски менаџмент, октомври 2012 година.

Други предавања:

- Пленарно предавање на стручен собир: Годишна конференција на Македонската берза, 2010 година;
- Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Предавање на тема: „Состојби и перспективи на економијата на Република Македонија" на Собирот на Федерацијата на евро-азиските берзи, Охрид, 5.5.2011 година.

## III. КОМИСИИ ЗА ДОКТОРАТИ, МАГИСТЕРСКИ И ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ

Во извештајниот период, проф. д-р Сашо Арсов бил ментор на три докторски дисертации, 7 магистерски труда и 25 дипломски работи, а бил и член на 5 комисии за оцена и одбрана на докторат, 19 магистерски труда и на 10 дипломски труда. Наведените се исклучиво трудови кои се досега завршени и одбранети.

## IV. КОМИСИИ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ

Бил член на две комисии за избор на асистенти.

## V. НАУЧНА ДЕЛНОСТ – ТРУДОВИ И ПУБЛИКАЦИИ ОБЈАВЕНИ ПО НЕГОВИОТ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР:

1. *Даниел МекФаден*, *Нобеловци по економија*, Економски факултет-Скопје, Скопје, 2008.
2. *Финансиски извештаи и обелоденување на податоците*, во книгата *Корпоративно управување*, редактор Б. Шуклев, Екон. фак. и IFC, 2008
3. *Динамички аспекти на квантифицирање на систематскиот ризик преку примерот на македонските компании*, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2008.
4. *Интегрираноста на финансискиот систем на Република Македонија со меѓународниот финансиски систем*, *ПРИЛОЗИ 2, 2008,* МАНУ
5. *The impact of the crisis on the balance of payments – the case of Macedonia (When vulnerabilities come to the fore)*, конференција: *The impact of the global financial crisis on non-EU countries: Mitigating the short-run impact and strengthening resilience*, Франкфурт, Германија, октомври 2009, коавтор.
6. *Финансии на корпорацијата – финансиски менаџмент*, Поглавје во Прирачник за обука и полагање стручен испит за инвестициско советување, КХВ на РМ, 2010
7. *Специфичности на проектниот менаџмент во малите претпријатија*, *Претприемач.мк* (Нова Македонија), 26.8.2010
8. *Анализа на структурата на капиталот на македонските компании*, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2010.
9. *Некои аспекти на финансискиот менаџмент во услови на неизвесност и криза*, *Економија и бизнис*, септември 2011
10. *Foreign exchange reserves adequacy and management*, конференција *Finance and Monetary Policy after the Global Financial Crisis*, Економски факултет Скопје, Македонија, 18.11.2011.
11. *Дивидендната политика на македонските компании и нејзиното влијание врз цените на акциите*, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2011.
12. *Recent Developments in Corporate Transparency and Disclosure in Macedonia and the Region*, Конференција *Corporate Governance – its Perspectives and Challenges*, Економски факултет – Скопје, ноември 2012
13. *Транспарентноста на македонските компании мерена преку индексот на транспарентноста на Standard and Poor's*, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2012 год.
14. *Stock Market Rationale under conditions of Deffective Corporate Governance – The Case of Macedonia*, *Medditteranean Journal of Social Sciences*, May 2012.
15. *Проект менаџмент*, дел од учебникот *Инвестиционен менаџмент*, второ издание, коавторство со М. Несторовски и А. Наумовски, Економски факултет (во печат).

## VI. ПРОЕКТИ

Во периодот од претходниот избор до денес, проф. Арсов бил ангажиран и во работата на повеќе проекти:

- Ноември 2009 година – за потребите на Светската банка - изработка на Економска и финансиска анализа за компонентите од дополнителното финансирање за проектот за реформа на Катастарот на недвижен имот.
- Јануари – Јуни 2010 година:
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ОУ „Гоце Делчев";
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Спортска сала „Гоце Делчев";
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Дом на културата;
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ПОУ и градинка "Гоце Делчев";
  - Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Општинска зграда.
- Подготовка на национални документи:
  - *Методологија за проценка на еколошките влијанија* за потребите на Министерството за животна средина (2011 година);
  - Оценка на економските ефекти од промената на временската зона во која се наоѓа Република Македонија.

## VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Студиски престои, конференции и конгреси:

Остварен е еден студиски престој – во периодот 23-29 октомври 2008 година на IAE de Paris, Universite Paris 1 – Pantheon-Sorbone.

Реализирани се и учества на следниве меѓународни научни и стручни собири:

- *Governance and Oversight of Investment Management, ECA Region* - семинар организиран од Светска банка, во Софија, Бугарија, јули 2011 година;

- учество на *21. European Banking Congress*, Франкфурт, Германија, ноември 2011 година;

- *EU Banking Reforms and Financial Stability in SEE*, конференција организирана од Централната банка на БиХ и SEESOX центарот, во Оксфорд, Велика Британија, мај 2013 година.

Членство во факултетски комисии:

- Комисија за акредитација во AACSB – претседател;
- Комисија за изработка на Стратегиски план – претседател;

- Комисија за испитување на можностите на Економскиот факултет за стекнување меѓународна акредитација – претседател;
- Комисија за издавање под закуп недвижен имот (4 комисии: банкарска филијала, книжара, бифе и банкарска филијала) – претседател;
- Комисија за утврдување предлог за вработување референт за правни работи – претседател;
- Комисија за спроведување упис на студенти (2010/11) – член;
- Комисија за јавни набавки (најмалку 30 учества) – претседател.

Ангажмани во институции од јавниот и приватниот сектор:

1. член на Советот на Народната банка на Република Македонија од 2008 година;
2. член на надзорниот одбор на АД „Скопски пазар" – Скопје од 2011 година;
3. член на Комитетот за инвестиции во рамките на Националниот совет за претприемаштво и конкурентност;
4. член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во два мандата: 2011-2012 и од 2012 до денес.

**Осврт врз трудовите на кандидатот:**

Во понатамошниот дел од извештајов ќе дадеме осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот, д-р Сашо Арсов објавени во периодот за кој се однесува овој извештај.

1. *Финансиски извештаи и обелоденување на податоците*, во книгата *Корпоративно управување*, редактор: Б. Шуклев, Економски факултет и IFC, 2008.

Ова е едно од петте поглавја во книгата „Корпоративно управување", во кое авторот прави опсежна елаборација на значењето на транспарентноста и обелоденувањето на податоците од страна на акционерските друштва како предуслов за нивно ефикасно корпоративно управување. Во оваа глава е даден и целосен опфат на регулативата и институциите кои се однесуваат на обезбедувањето транспарентност на компаниите во Македонија, дефиницијата и значењето на т.н. ценовно чувствителни информации, како и на современите меѓународни трендови на ова поле и реформите кои се предлагаат во развиените економии по искуствата стекнати со кризата од 2001 година.

2. *Динамички аспекти на квантифицирање на систематскиот ризик преку примерот на македонските компании, Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2008.

Во овој труд, надоврзувајќи се на едно свое претходно истражување, авторот се обидува да ја испита поврзаноста на бета-коефициентите, како мерило на систематскиот ризик, со временскиот период врз кој се базира нивната пресметка. Тоа се однесува како на должината на овој временски период, така и на временските интервали што се применуваат при утврдувањето на приносите на акциите. Пресметките покажуваат дека се во право критичарите на моделот за вреднување на капиталните средства, според кои применливоста на овој популарен модел е сериозно доведена во прашање, поради недефинираноста на овие прашања и разликите во пристапот што постојат помеѓу бројните финансиски аналитички сервиси.

3. *Интегрираноста на финансискиот систем на Република Македонија со меѓународниот финансиски систем*, *ПРИЛОЗИ 2, 2008,* МАНУ.

Во овој труд е направен обид да се испита степенот на поврзаност на македонскиот финансиски систем со меѓународниот финансиски систем, со цел да се утврди ранливоста на финансискиот систем на Македонија во периоди на големи меѓународни финансиски потреси. Презентираните податоци недвосмислено покажуваат дека финансискиот систем на Република Македонија има определено, иако не многу високо, ниво на поврзаност со меѓународниот финансиски систем. Исто така, евидентно е дека таквата поврзаност во континуитет се зголемува, така што во целост може да се напушти стереотипот за македонскиот финансиски систем како неразвиен и изолиран во меѓународни рамки. Ова многу повеќе се однесува на пазарот на капитал, каде што корелациите меѓу берзанските индекси потврдуваат дека интеграцијата на македонскиот пазар во глобалните движења се одвива и побрзо отколку што беше очекувано. За разлика од него, банкарскиот систем претежно се потпира на традиционалните облици на финансирање и вложување на капиталот, што го прави прилично стабилен и заштитен од директни влијанија на турбуленциите во меѓународните финансиски текови.

4. *The impact of the crisis on the balance of payments – the case of Macedonia (When vulnerabilities come to the fore)*, конференција: *The impact of the global financial crisis on non-EU countries: Mitigating the short-run impact and strengthening resilience*, Франкфурт, Германија, октомври 2009, коавтор.

Во овој труд од областа на меѓународните финансии, авторите ја анализираат ранливоста на надворешнотрговската позиција на Македонија и можните последици од глобалната финансиска криза. Преку статистичките податоци од првите неколку квартали по избувнувањето на кризата од 2008 година, тие согледуваат дека првичните ефекти се силни, но подоцна доаѓа до намалување на платно-билансниот дефицит. Сепак, за да се намали чувствителноста на нашата економија, неопходно е во иднина да бидат преземени мерки за намалување на структурните диспропорции во увозот и извозот, кои, доколку опстојат и во иднина, секогаш ќе претставуваат извор на ризици за влошување на состојбата на девизните резерви и стабилноста на валутниот курс.

5. *Анализа на структурата на капиталот на македонските компании, Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2010.

Авторот тука со свое истражување се вклучува во дебатата која веќе педесетина години е присутна во корпоративните финансии околу оптималната структура на капиталот. И покрај обемните истражувања на ова поле, ова прашање останува отворено. Сепак, недостасуваат конкретни истражувања на оваа тема за случајот на македонската економија. Овој труд прави обид да даде скромен придонес кон пополнувањето на оваа празнина. Во трудот е направена анализа на 46 македонски акционерски друштва, од аспект на односот долг-сопствен капитал, врз основа на податоците од нивните ревидирани биланси на состојба. Анализата покажа дека компаниите имаат прилично конзервативен пристап, при што околу една половина од нив немаат воопшто долгови во нивната структура, голем дел од нив ги финансираат долгорочните вложувања од сопствени извори, а некои за таа намена користат и краткорочни кредити.

6. *Foreign exchange reserves adequacy and management*, труд објавен во зборникот од конференцијата *Finance and Monetary Policy after the Global Financial Crisis*, Економски факултет – Скопје, Македонија, 2011.

Во овој труд д-р Сашо Арсов прави опсежна анализа на меѓународната практика на чување и вложување на девизните резерви и во тој контекст ја анализира адекватноста на нивото на девизните резерви на Република Македонија. Во светот се применуваат неколку основни мерила на адекватноста на нивото на девизните резерви и според

повеќето од нив, девизните резерви на Македонија незначително го надминуваат прагот на задоволителноста. Од аспект, пак, на формите во кои се вложуваат овие средства, постои голема разноликост во светски рамки, при што доминираат конзервативните форми, како државни обврзници и злато, додека во поново време се појавуваат и поризични вложувања, во акции, мотивирани со потребата од остварување повисоки стапки на поврат. Структурата на девизните резерви на Македонија не отстапува од овие трендови.

7. *Дивидендната политика на македонските компании и нејзиното влијание врз цените на акциите, Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2011.

Во овој труд е направено едно практично истражување на дивидендните политики на македонските компании со цел да се утврди дали и во колкава мера тие ги почитуваат вообичаените модели на дивидендната политика, како и да се согледа евентуалната поврзаност помеѓу нивните дивидендни одлуки и вредноста на нивните акции. Авторот покажува дека кај помал број компании може да се забележи одредена конзистентност во дивидендното одлучување, додека останатите се чини дека сé уште не ја согледуваат потребата од почитување на одредни принципи и правила. Од друга страна, акциите на компаниите што имаат постабилна политика на исплата на дивиденди и повисоки дивидендни приноси бележат и помали ценовни варијации. Тоа е покажано преку статистички показатели засновани на примерок составен од 16 компании и нивните одлуки за исплата на дивиденда во последните 5 години, како и преку следењето на цените на нивните акции во истиот период, на неделно ниво. Ова сознание може да им послужи на менаџерите на компаниите како основа при воспоставувањето на целите и принципите на распределбата на финансискиот резултат.

8. *Recent Developments in Corporate Transparency and Disclosure in Macedonia and the Region*, конференција *Corporate Governance – its Perspectives and Challenges*, Економски факултет – Скопје, ноември 2012.

Во овој труд е направена споредбена анализа меѓу компаниите во Македонија, Србија и Хрватска во поглед на нивната транспарентност. При тоа е користена методологијата на рејтинг-агенцијата Standard&Poor's која се базира на годишните извештаи на компаниите и ја испитува присутноста на околу 98 параметри во нив. Врз основа на истражувањето, утврдено е дека компаниите во Македонија имаат пониско ниво на транспарентност во однос на споредливите компании од соседните земји. Како можни причини за ова авторот ги наведува инсајдерската приватизација, ниското ниво на ликвидност на акциите на берзата или, можеби, повисокиот степен на присилност присутен во законската регулатива на соседните земји.

9. *Stock Market Rationale under Conditions of Deffective Corporate Governance – The Case of Macedonia, Meditterranean Journal of Social Sciences*, May 2012.

Во овој труд, објавен во меѓународно списание, авторот го отвора прашањето на рационалноста на постоењето на берзите на акции во земји во кои корпоративното управување е со сомнителен квалитет. Имено, целокупниот финансиски менаџмент и неговите постулати својата целисходност ја засноваат на околности кои владеат во развиените земји. Кога тие ќе се пренесат на полето на земјите во развој, до израз доаѓаат низа неконзистентности кои ја доведуваат во прашање реалноста од нивната примена во овие земји. Во доменот на пазарите на капитал, овие неконзистентности се јавуваат во форма на неефикасност на пазарот, што го отежнува донесувањето рационални одлуки од страна на инвеститорите, така што тргувањето на нив добива карактеристики на хазардна игра.

10. *Проект менаџмент*, дел од учебникот *Инвестиционен менаџмент*, второ издание, коавторство со М. Несторовски и А. Наумовски, УКИМ (во печат). Во овој учебник д-р Сашо Арсов се јавува како автор на третиот дел, посветен на проектниот менаџмент, материја со која тој се занимава подолго време и за која е избран како предметен наставник на истоимениот предмет. На околу стотина страници е презентирана материјата од областа на управувањето со проектите, на еден современ и лесно приемчив начин, збогатена со илустрации.

## VIII. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид сето она што погоре го изнесовме за научните, стручните и наставни резултати на кандидатот, Комисијата е во целост убедена дека проф. д-р Сашо Арсов со својата досегашна работа на Економскиот факултет во Скопје постигнал забележителни успеси. Се работи за солиден наставник, многу одговорен и исполнителен кон сите преземени задачи како наставник на Факултетот и на сите други доверени задачи, како и за личност со високи морални вредности. Тој со особена преданост и со највисок квалитет ја извршува наставната дејност по неколку предмети, има мошне успешен и стручен напредок во дисциплините кои ги предава, а во научната работа се претставува како плоден и многу сериозен научен работник. Поради тоа, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере кандидатот д-р Сашо Арсов за наставник по предметите финансиски менаџмент, проектен менаџмент и меѓународен финансиски менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
2. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО,НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Сашо Димитар Арсов**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Економски факултет-Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **економски науки**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава на прв циклус студии по предметите:<br>Финансиски менаџмент (6*15*0,04*5 год.=18)<br>Проектен менаџмент (6*15*0.04*5 год.=18)<br>Меѓународен финансиски менаџмент (4*15*0.04*2 год.=4,8)<br>Финансиски менаџмент – дисперзирани студии Штип (6*15*0,04*2 год.=7,2)<br>Финансиски менаџмент – дисперзирани студии Струга (6*15*0,04*2 год.=7,2)<br>Економија на инвестиции – дисперзирани студии Струга (6*15*0,04*1 год.=3,6)<br>Меѓународен финансиски менаџмент – дисперзирани студии Струга (4*15*0.04*1 год.=2,4) | 61,2 |
| 2 | Одржување настава на втор циклус студии по предметите:<br>Финансиски менаџмент – насока МБА Менаџмент(2*20*0,05*5 год. = 10)<br>Финансиски менаџмент – насока: сметководство и ревизија (2*20*0,05* 4 год. = 8)<br>Финансии на корпорации (2*20*0,05*5 год.=10)<br>Сметководствени и финансиски алатки за Е-бизнис (20*0,05* 4 год. =4)<br>Проект менаџмент –двогодишни студии Е- бизнис менаџмент (2*20*0,05* 2 год. =4) | 36 |
| 3 | Настава во школи и работилници:<br>Специјалистички студии по корпоративно управување (2 години по 1 поен) | 2 |
| 4 | Подготовка на нов предмет:<br>Предавања по предметите меѓународен финансиски менаџмент и сметководствени и финансиски алатки за Е-бизнис (0,5) | 1,5 |
| 5 | Консултации со студенти<br>1. На прв циклус студии:<br>Финансиски менаџмент (650*0,002*5=6,5)<br>Проект менаџмент (60*0,002*5=0,6)<br>Меѓународен финансиски менаџмент (130*0,002*2=0,5)<br>2. На втор циклус студии:<br>Финансиски менаџмент – насока: МБА Менаџмент(120*0,002*5 год. = 1,2) | 10,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Финансиски менаџмент – насока: сметководство и ревизија (20*0,002* 5 год. =0,2)<br>Финансии на корпорации (120*0,002*5год. = 1,2) | |
| 6 | Ментор на дипломска работа (25*0,2=2) | 5 |
| 7 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (5*0,5) | 2,5 |
| 8 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (19*0,3=5,7) | 5,7 |
| 9 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа(10*0,1=1) | 1 |
| 10 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор) | 6 |
| 11 | Пакет материјали од одреден предмет (Меѓународен финансиски менаџмент) | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **133,1** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација (3*3=9) | 9 |
| 2 | Ментор на магистерска работа (7*1=5) | 7 |
| 3 | Учесник во меѓународен научен проект (1*5=5)<br>*TEMPUS JEP 40093-2005 Master of E Business Management at the Faculty of Economics in Skopje-MEMFES*, финансиран од Европската комисија | 5 |
| 4 | Дел од монографија:<br>- Даниел МекФаден, *Нобеловци по економија*, Економски факултет-Скопје, Скопје, 2008.<br>- „Финансиски извештаи и обелоденување на податоците“, глава во книгата *Корпоративно управување*, редактор: проф. д-р Б. Шуклев, Екон. фак. и IFC, 2008 (2*4=8) | 8 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно-стручно списание:<br>„Интегрираноста на финансискиот систем на Република Македонија со меѓународниот финансиски систем“, <u>*ПРИЛОЗИ 2, 2008,*</u> МАНУ | 4 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>„Stock Market Rationale under Conditions of Defective Corporate Governance – The Case of Macedonia“, *Medditeranean Journal of Social Sciences, May* 2012. | 6 |
| 7 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно популарни списанија (2x2=4):<br>- Специфичности на проектниот менаџмент во малите претпријатија, *Претприемач.мк*, 26.8.2010<br>- Некои аспекти на финансискиот менаџмент во услови на неизвесност и криза, *Економија и бизнис*, септември 2011 | 4 |
| 8 | Труд со оригинални научно-стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир<br>- Recent Developments in Corporate Transparency and disclosure in Macedonia and the Region, Конференција *Corporate Governance – Its Perspectives and Challenges*, Економски факултет – Скопје, ноември 2012 | 2 |
| 9 | Трудови со оригинални научно-стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научно-стручни собири со меѓународни | 5,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | уредувачки одбори (2,7+3=5,7)<br>1. "The impact of the crisis on the balance of payments - the case of Macedonia (When vulnerabilities come to the fore)", Конференција: *The impact of the global financial crisis on non-EU countries: Mitigating the short-run impact and strengthening long-run resilience, Frankfurt, Germany, 19-20 October, 2009 (коавтор)*<br>2. Foreign Exchange Reserves Adequacy and Management, *Proceedings of the conference Finance and Monetary Policy after the Global Financial Crisis,* Скопје, Makedonija, 18.11.2011. | |
| 10 | Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција (4*2=8)<br>1. Динамички аспекти на квантифицирање на систематскиот ризик преку примерот на македонските компании, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2008.<br>2. Анализа на структурата на капиталот на македонските компании, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* Скопје, 2010.<br>3. Дивидендната политика на македонските компании и нејзиното влијание врз цените на акциите, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2011.<br>4. Транспарентноста на македонските компании мерена преку индексот на транспарентноста на Standard and Poor's, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, Скопје, 2012 год. | 8 |
| 11 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество:<br>- Предавање на тема: „Состојби и перспективи на економијата на Република Македонија" на Собирот на Федерацијата на евро-азиските берзи, Охрид, 5.5.2011 година | 3 |
| 12 | Пленарно предавање на стручен собир:<br>- Годишна конференција на Македонската берза 2010 година | 1 |
| | **Вкупно** | **62,7** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | / |
| | **Вкупно** | / |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Поглавје во книга (2*1=2)<br>„Финансии на корпорацијата – финансиски менаџмент", Поглавје во Прирачник за обука и полагање стручен испит за инвестициско советување, КХВ на РМ, 2010 | 2 |
| 2 | Експертски активности:<br>- Оценка на економските ефекти на промената на временската зона во која се наоѓа Република Македонија | 1 |
| 3 | Студии, физибилити студии – одговорен проектант: (6*2=12)<br>- Ноември 2009 година – за потребите на Светската банка - изработка на Економска и финансиска анализа за компонентите од дополнителното финансирање за проектот за | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | реформа на Катастарот на недвижен имот<br>Јануари – јуни 2010 година:<br>- Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ОУ „Гоце Делчев";<br>- Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Спортска сала „Гоце Делчев";<br>- Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Дом на културата;<br>- Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – ПОУ и градинка "Гоце Делчев";<br>- Економска и финансиска анализа на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во општина Илинден – Општинска зграда. | |
| 4 | Предавања на институции од јавен интерес:<br>- Обука за инвестициони советници за Комисијата за хартии од вредност (2010 година);<br>- Обука за актуари за потребите на Агенцијата за супервизија на осигурување на РМ (2012). | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на Одборот за организација на меѓународната конференција *The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis.* | 1 |
| 2 | Студиски престој во странство<br>• до три месеци 1*0,5=0,5 (IAE de Paris, Universite Paris 1 – Pantheon-Sorbone) | 0,5 |
| 3 | Член на факултетска комисија:<br>- Комисија за акредитација во AACSB - претседател<br>- Комисија за изработка на Стратегиски план - претседател<br>- Комисија за испитување на можностите на Економскиот факултет за стекнување меѓународна акредитација - претседател<br>- Комисија за издавање под закуп недвижен имот (4 комисии: банкарска филијала, книжара, бифе и банкарска филијала) - претседател<br>- Комисија за утврдување предлог за вработување референт за правни работи - претседател<br>- Комисија за спроведување упис на студенти (2010/11) - член<br>Комисија за јавни набавки (30 комисии) - претседател | 19,5 |
| 4 | Член на комисија за избор во звање (член на рецензентска комисија за избор на асистент) 2*0,2 | 0,4 |
| 5 | Член на Универзитетскиот сенат (два мандати) | 4 |
| 6 | Подготовка на национални документи:<br>- *Методологија за проценка на еколошките влијанија* за потребите на Министерството за животна средина (2011) | 2 |
| 7 | Членство во комисии и тела на државни и други органи:<br>- Член на Советот на Народна банка на Република Македонија<br>- Комитет за инвестиции во рамките на НСПК<br>- Член на надзорниот одбор на АД Скопски пазар - Скопје | 3 |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | / | / |
| | **Вкупно** | **46,4** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **133,1** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **62,7** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **46,4** |
| **Вкупно** | **242,2** |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.
2. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-1289/56
Дата. 03.07 2018 година

Врз основа на член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/18), член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно писменото известување на Ректоратот бр.02-630/15 од 29.5.2018 година, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 21.6.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Се констатира дека лицето д-р Сашо Арсов избран со одлука на Универзитетскиот сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-824/11 од 10.9.2013 година во наставно-научно звање редовен професор, во научната област по економски науки по предметите: финансиски менаџмент, проектен менаџмент и меѓународен финансиски менаџмент, заснова работен однос на неопределно време, и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Согласно член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/18), Редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

Врз основа на оваа одлука ќе се изготви посебен договор за вработување на неопределно време со кој ќе се регулираат правата и обврските помеѓу договорните страни.

Оваа одлука да се достави до:
- Проф. д-р Сашо Арсов
- Архива
- Персонално досие

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Економски факултет Република Македонија Скопје

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски**

Изработил:Д.К

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

Бр. 02-824/11
10.9.2013 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), Универзитетскиот сенат, на 12. седница одржана на 10.9.2013 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**Член 1**

**Д-р Сашо Арсов,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Економски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Економски факултет - Скопје, по предметите: *финансиски менаџмент, проектен менаџмент* и *меѓународен финансиски менаџмент.*

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

ДН:
- Економски факултет - Скопје
- Проф. д-р Сашо Арсов

мм/ед